**!, ; ?,** (По извичник и прашалник не се става запирка)

**!“, ; ?“,** - (По извичник и прашалник никогаш не се става запирка)

**10. август, 2. септември** – 10 АВГУСТ, 2 СЕПТЕМВРИ

**алзашанин** - АЛЗАШАНЕЦ

**било какво** – КАКВО БИЛО, КАКВО И ДА БИЛО

**било како** – КАКО БИЛО

**било кој; било која** – КОЈ БИЛО, КОЈ И ДА БИЛО, КОЈ И ДА Е;
КОЈА БИЛО, КОЈА И ДА БИЛО, КОЈА И ДА Е

**бира** – ИЗБИРА...

**благодарение** - БЛАГОДАРЕЈЌИ

**благодет** - БЛАГОДАТ

**бојазност** – БОЈАЗЛИВОСТ, СТРАВУВАЊЕ

**брилант...** – брилијант...

**брилјант...** – брилијант

**бројаници** – БРОЈНИЦИ

**бука** – ВРЕВА, БУЧАВА

**в градот** – В ГРАД, ВО ГРАДОТ

**величенствен** - ВЕЛИЧЕСТВЕН

**верен** - СВРШЕН

**ветар**-**ВЕТРОТ**; **ветер** – **ВЕТЕРОТ**

**взаемен** - ЗАЕМЕН

**визиткарта** – ВИЗИТ-КАРТА

**викоти** (од **вик**) - ВИКОВИ

**вит/ка/ост** – вит/а/ост

**во кревет** (лежи) – (лежи) **НА** КРЕВЕТ

**во предвид** – ПРЕДВИД

**во спротивно** – ВО СПРОТИВЕН СЛУЧАЈ

**во стол** –**НА** СТОЛ

**во столот** (седи) – (седи) НА СТОЛОТ

**во улица** – **НА** УЛИЦА

**во улицата** – НА УЛИЦАТА

**во фотелјата** – НА ФОТЕЛЈАТА

**воедно** – наедно

**врвулица** – ВРВОЛИЦА

**вреваџи/и** - ВРЕВАЧИ

**времеш/ен** – СТАР

**вриска** - ВРЕСКА

**врисна**– ВРЕСНА, КРИКНА

**врисоците** – ВРЕСКОТИТЕ, ВРЕСКАЊАТА, КРИКОВИТЕ

**вртложиња** - КРУКЧИЊА (еден вид принудно решение, зашто деминутивот:
ВИТЕЛЧИЊА е невообичаен).

**вчудоневиден** – ВЧУДОВИДЕН

**вџашен** – ВЏАСЕН

Vоtteни – Vоttни

Ги **облеков** чевлите (!!!) – ГИ ОБУВ ЧЕВЛИТЕ
**ги одведов** (кравите) в шума – ГИ ОТЕРАВ...
**ги симна** чевлите – ГИ СОБУ...
**ги соблекува** тешките чевли – ГИ СОБУВА...
го **земавте** момчето кај вас – ГО ЗЕДОВТЕ МОМЧЕТО КАЈ ВАС
**годишница** - ГОДИШНИНА
**горе доле** – ГОРЕДОЛУ, ГОРЕ-ДОЛУ
**господо** –ГОСПОДА...
**грижа на совеста** – ГРИЗЕЊЕ НА СОВЕСТА, УГРИЗ НА СОВЕСТА, или се вели: ГО ГРИЗЕ СОВЕСТА, ГО ЈАДЕ СОВЕСТА, ГО ПЕЧЕ СОВЕСТА, ГО МАЧИ СОВЕСТА); (ЧОВЕК) СО НЕМИРНА СОВЕСТ, СО НЕСПОКОЈНА СОВЕСТ, СО НЕЧИСТА СОВЕСТ, СО ОПТОВАРЕНА СОВЕСТ
**грмотевица** – ГРМЕЖ (предност)
**губиток** – ЗАГУБА
**два или три** –ДВА-ТРИ
**дваесет и две годишна** – ДВАЕСЕТ И ДВЕГОДИШНА
**дванаесет или тринаесет** – ДВА-ТРИНАЕСЕТ...
**дванаесеттемината** - ДВАНАЕСЕТТЕМИНА
**дејание** – ДЕЈСТВУВАЊЕ, ДЕЈСТВО, ДЕЛО...
**дејствие, дејствија** – ДЕЈСТВО, ДЕЈСТВА
**десетмината други** – ДЕСЕТТЕМИНА ДРУГИ
**до тогаш** – ДОТОГАШ; ДОТОГАЈ
**доба** - ж. род
**доближеност** – БЛИЗИНА (Но, слушнат од толкава **доближеност...;** треба: БЛИЗИНА)
**добредојде** – ДОБРЕ ДОЈДЕ (поздарв); како именка: им посакавме добредојде.
**добро вечер** – ДОБРОВЕЧЕР или ДОБРА ВЕЧЕР)
**довидување** – ДО ВИДУВАЊЕ
**додај/те** ми го она шишенце – ПОДАЈТЕ МИ ГО ...
**доктор** – ЛЕКАР (се вели доктор при обраќање: докторе! Или со презиме: доктор Лазаров)
**доле** - ДОЛУ
**долж** – ПО, ПОКРАЈ, КРАЈ
**доручек** – ПОЈАДОК
**дребулии...** - дреболии...
**друже** –ПРИЈАТЕЛЕ, ДРУГАР
**едвам** – ОДВАЈ
**едно по друго** – ЕДНОПОДРУГО
**ергел/а/и** – ергеле/ергелиња
**ефтин** - ЕВТИН
**жалосно** – жално
**жижа** – ФОКУС
**жолтеникаво-зелено лисје** – ЖОЛТЕНИКАВОЗЕЛЕНИ ЛИСЈЕ
**за да** врз него **ја одмазди** и Републиката – ЗА ДА ЈА ОДМАЗДИ (синтагмата: **за да** не се одвојува никогаш од **глаголот**

**за потоа да му се врати** - **за да му се врати потоа**
**забрефтан** – ЗАБРЕВТАН
**зазбифтан** – ЗАЗБИВАН, ЗАДИШАН
**зајци** – ЗАЈАЦИ
**занос** – ЗАНЕС
**запраша** – праша
**збори** – ЗБОРУВА
**зевајќи** – ПРОЅЕВАЈЌИ СЕ
**зеленкави** – ЗЕЛЕНИКАВИ
**земјоделие** - ЗЕМЈОДЕЛСТВО
**зловолен** – НЕРАСПОЛОЖЕН, ЛОШО РАСПОЛОЖЕН, МРАЧЕН, СМУРТЕН, НАМУРТЕН, НЕЗАДОВОЛЕН, ЛУТ
**злоставува** – МАЛТРЕТИРА, ИЗМАЧУВА, МАЧИ; ЗЛОУПОТРЕБУВА
**ѕидини** – ЅИДОВИ, ЅИДИШТА, БЕДЕМИ
**и нејзе** (треба: И НЕА) ја вбројува...
**и тоа ќе е Шарл** – ТОА ЌЕ БИДЕ ШАРЛ
**избрануваната вода** – РАЗБРАНУВАНАТА ВОДА
**издајник** - ПРЕДАВНИК
**издигнувала** – ИЗДИГА
**изнајми** – НАЈМИ
**им го закочи патот** на влезот – ИМ ГО ПОПРЕЧИ ПАТОТ...
**исмејува** – ИСМЕВА
**исполегн/аа** – изналегн/аа
**испоседн/аа** – изнаседн/аа
**испрати** – **ПРАТИ**...
**јајни/к/ци** – јајчни/к/ци
**јако** ѕвонење – СИЛНО ЅВОНЕЊЕ
**јарбол** – КАТАРКА
**кајшто** – КАДЕ ШТО
**како да ќе раѓа слон** – НЕБАРЕ ЌЕ...
**као** – КАКО
**карши** – СПРОТИ
**кесе** – ЌЕСЕ
**кики** – ПЛЕТЕНКИ
**клатно** – НИШАЛО
**клима**– КИМА
**книжевниците** – ПИСАТЕЛИТЕ
**книжнина** –КНИЖЕВНОСТ
**когошто** – КОГО ШТО
**кој знае** - КОЈЗНАЕ
**колевката** – КОЛЕПКАТА
**комушто** – КОМУ ШТО
**коњаница** – КОЊИЦА
**корици** (нож, сабја) – **КАНИЈА, НОЖНИЦА, КАЛАФ**
**крадливец** - КРАДЕЦ
**красотица** - УБАВИЦА

**крвар/еа** – КРВАВЕА
**кревкото лисје** – КРЕВКИТЕ ЛИСЈЕ
**крици** – КРИКОВИ
**крушковиден** – КРУШОВИДЕН
**крштева** - КРШТАВА
**купатило** – БАЊА
**ладолеж** – ЏЕФА, ЧАДОРЧЕ
**лежи во креветот** – ЛЕЖИ НА КРЕВЕТОТ
**лепак** – ЛЕПИЛО
**лие** – ЛЕЕ
**лисје** – ДАБОВИ ЛИСЈЕ
**ловоров** лист – ЛАВРОВ ЛИСТ
**ловци/ски** – ЛОВЕЧКИ
**ловциии** – ЛОВЦИ
**лојаните** свеќи – ЛОЕНИТЕ СВЕЌИ
**мазга** – МАСКА
**малав** – МАЛ
**малубројни** - МАЛОБРОЈНИ
**ме погледна неразбирливо** – МЕ ПОГЛЕДНА СО НЕРАЗБИРАЊЕ
**мерка...** –МЕРА
**многуминатa** – **МНОГУТЕМИНА**
**молчелив** – МОЛЧАЛИВ
**мрзелив** – МРЗЛИВ (предност)
**мрзоволно** – НЕРАСПОЛОЖЕНО; СО ЛОШО НАСТРОЕНИЕ; МРАЧНО, НАМУРТЕНО
**на расклопување** – СКЛОПИТНИ
**на сто** – НАСТО; ОТСТО
**наглас** – гласно
**наизглед** – НАВИДУМ
**најповеќе** – НАЈМНОГУ
**наметник** - НАТРАПНИК
**наоружани** – ВООРУЖЕНИ
**напиток** - НАПИВКА
**наполни/полни дванаесет години** – НАВРШИ ДВАНАЕСЕТ ГОДИНИ
**насукан** – ЗАРИНКАН
**не ли** во своето писмо, тој - НЕЛИ
**не ми одмина дека ...** – НЕ ПРОПУШТИВ ДА ЗАБЕЛЕЖАМ ДЕКА...
**не се задржувај** – НЕ ЗАДРЖУВАЈ СЕ.
**негов/иот** – СВОЈОТ
**недостаток** – НЕДОСТИГ
**недра** – ПАЗУВА/ПАЗУВИ
**недри** – РАЃА, СОЗДАВА
**неимоверна** дарба (преведувачот треба да го разјасни зборот: **неимоверна**)
**нејзе** – НЕА
**неможејќи** – НЕ МОЖЕЈЌИ
**неопислив** - НЕИСКАЖЛИВ

**неописливо** - НЕИСКАЖЛИВО
**неприкладно** – НЕПОГОДНО, НЕСООДВЕТНО
**неред** – БЕЗРЕДИЕ (предност)
**несовмесно** – (најверојатно) НЕУМЕСНО
**неспрет...** – несмас.. / невешт...
**неумит/на** – НЕУМОЛИВА
**ни во еден момент** – ВО НИЕДЕН МОМЕНТ
**Нова Година** – Нова година
**обдар/ен** – надар/ен
**обзнани** – ОБЕЛОДЕНИ, ОБЈАВИ
**обожува** – ОБОЖАВ)
**овојпат** - ОВОЈ ПАТ
**од време на време** – ОДВРЕМЕ-НАВРЕМЕ
**од нејзе** – ОД **НЕА**
**од обsирност** – ОД ОБSИРИ
**од сега** – ОТСЕГА
**од тогаш** – ОТТОГАШ
**од тука** - ОТТУКА
**одвнатре** – ОДНАТРЕ (предност)
**одвреме навреме** – ОДВРЕМЕ-НАВРЕМЕ
**одело** –КОСТУМ
**одолговле...** – одолж...
**одползев** – ОТПОЛЗИВ
**одрече се /одрекува се** – откаже
**олуја** – БУРА, ФОРТУНА, ЛУЃЊА
**онојпат** – ОНОЈ ПАТ
**оперска пејачка** – ОПЕРСКА ПЕВИЦА
**опклад/а** – ОБЛОГ
**оправ/аат** –ЗАКРЕПН/УВААТ
**ормар** - ОРМАН
**освета** – ОДМАЗДА
**осветнички** – ОДМАЗДНИЧКИ
**оставнината** – ОСТАВИНАТА
**осуммината** стоевме – ОСУМТЕМИНА
**отвар/а** – ОТВОРА
**отпрем/нина** – испрат/нина
**отприлика** – околу, приближно
**очајничко надевање** – ОЧАЈНИЧКА НАДЕЖ
**оџарени** – ОЏАГОРЕН, ОКОКОРЕН, ОВРГАЛЕН
**пазувата** – МИШКА
**пантолони** – ПАНТАЛОНИ
**пејат** – ПЕАТ
**Пелопонес** – ПЕЛОПОНЕЗ
**петмината** – ПЕТТЕМИНА
**плима и осека** – ПРИЛИВ и ОДЛИВ
**по некое** старо парче мебел - ПОНЕКОЕ

Поверно (Верино
Елизван (Варин

по **некои си дваесет** години – ПО ДВАЕСЕТИНА ГОДИНИ
**подеднак/** – еднак...
**позади** – ОДЗАДИ
**позадина** - ЗАДНИНА
**позајмен** – ЗАЈМЕН
**полива** – ПОЛЕВА
**полијам** – ПОЛЕАМ
**положајот** – ПОЛОЖБАТА; ПОЗИЦИЈАТА
**попреч/ни** – НАПРЕЧНИ...
**поприма** - ДОБИВА
**поприма** – ДОБИВА
**поради** – ЗАРАДИ
**посластиц/** – деликатес
**после** – по
после сѐ **ќе ти раскажам** – ПОСЛЕ ЌЕ ТИ РАСКАЖАМ СЀ
**после тоа** – ПОТОА
**поспан** – СОНЛИВ, ДРЕМЛИВ
**пострaствени** – ПОСТРАСНИ
**потем** – ПОТОА
**потешкот/ија** – ТЕШКОТИЈА.
**потпокрив** – МАНСАРДА, ТАВАН; ТАВАНСКА СОБА
**пофти** - ПОВТЕ
**почуств/ува** - ПОЧУВСТВУВА
**правлив** – ПРАШЛИВ
**прасица** – МАТОРИЦА
**пред мене лежеше** неговата финска граматика – ПРЕД МЕНЕ СТОЕШЕ...
**пред некои шеесет година** – ПРЕД ШЕЕСЕТИНА ГОДИНИ
**предмалку** – ПРЕД МАЛКУ
**премрежје** – ПРЕМРЕЖЕ
**препород...** – прерод...
**прилагоди** – ПРИСПОСОБИ
**прилагодлива** - ПРИСПОСОБЛИВА
**присен** – ИНТИМЕН, БЛИЗОК
**пристигнувајќи** – ПРИСТИГАЈЌИ
**прод/ре** – пробие, пробие се; проникне
**продор** – ПРОБИВ
**прозор** - ПРОЗОРЕЦ
**прокриумчарија** - ПРОШВЕРЦУВАА
**прст и плева** – ПРСИПЛЕВА
**пружа** отпор – ДАВА ОТПОР
**работнички костум** – РАБОТНИЧКИ КОМБИНЕЗОН, РАБОТНИЧКА ОБЛЕКА
**раменици** – РАМЕНА, РАМЕЊА
**рамо** – множина: РАМЕНА, РАМЕЊА
**рани** - ХРАНИ
**раскалашен** – РАЗУЗДЕН, РАСПУШТЕН, РАСПАШАН
**рассони** – РАСОНИ

**расфрлан** - РАСФРЛЕН
**рентген**-снимките – РЕНДГЕН (всушност единствено правилно во случајов е: **рендгенските снимки**)
**репа** - РЕПКА
**рецепта** - РЕЦЕПТ
**речит** - РЕЧОВИТ
**ритмот** – РИТАМОТ
**русвајт** – МЕТЕЖ, ГОЛЕМА МЕШАНИЦА, РУСВАЈ
**свенато лисје** – СВЕНАТИ ЛИСЈЕ
**Свети Павле** – свети Павле
**светло** – СВЕТЛИНА, СВЕТИЛКА, ОСВЕТЛЕНИЕ
**светло зелен** - СВЕТЛОЗЕЛЕН
**светло црвена** – СВЕТЛОЦРВЕНА
**свидителство** - СВИДЕТЕЛСТВО
**свио/к/ци** – СВИЈО/к/ЦИ
се издигаше **спомeникот** на Срećниот Принц **– СТАТУАТА**
се **искапе** и **зема** малку – СЕ ИСКАПА (или: ИЗБАЊА) И ЗЕДЕ МАЛКУ
**се клади – СЕ ОБЛОЖУВА**
**се ожени со** – СЕ ОЖЕНИ ЗА
**(се) пар/и** – (се) спар/ува
**се свет/освети** – ОДМАЗДАИ
**се симнува** (по скали) – СЛЕГУВА
**се ценка** – СЕ ПАЗАРИ
**се шета – ШЕТА...**
**сево ова** – СЕТО ОВА
**седумнаесет или осумнаесет години** – СЕДУМ-ОСУМНАЕСЕТ ГОДИНИ
**секој пат** – СЕКОЈПАТ, СЕКОГАШ
**серкме** - СЕРТМЕ
**сивкасто-зеленкав** – СИВКАВО-ЗЕЛЕНИКАВ
**сијалица** - СВЕТИЛКА
**синкаста** – СИНКАВА
**сиров** – СУРОВ
**складно –** УСЛУПНО, ХАРМОНИЧНО, СТРОЈНО, УСОГЛАСЕНО
**слаткаст** - СЛАДНИКАВ
**слегна со рамената** – СИ ГИ СОБРА РАМЕНАТА
**следи** (коктел) - СЛЕДУВА
**слива** – СЛЕВА
**со се** – СОСЕ...
**со тек на време** – СО ТЕКОТ НА ВРЕМЕТО
**сокрие** – СКРИЕ
**сослушајте ме** – ИСЛУШАЈТЕ МЕ
**сочувствител/но** - СОЧУВСТВЕНО
**сочуство** - СОЧУВСТВО
**спање** - СПИЕЊЕ
**спасоносни појаси** – ПОЈАСИ ЗА СПАСУВАЊЕ
**според мене** – СПОРЕД МОЕТО МИСЛЕЊЕ

**срж** – СРЦЕВИНА
**шркна** од кафето (од чајот) – ПИВНА, СЕ НАПИ
**столиц/а** – СТОЛ
**стравопочит** – СТРАХОПОЧИТ
**страствени** – СТРАСНИ
**страци** – СТРАКОВИ
**стршлен** – СТРШЕН
**студенило** – СТУДЕНИНА
**суво лисје** – СУВИ ЛИСЈЕ
**судар** – СУДИР
**тапацир/ан** - ТАПЕТИРАН
**тежнее** – СЕ СТРЕМИ
**тескобност** – ТЕГОБНОСТ, ПРИТЕСНЕТОСТ
**теснец** – ПРОТОК (Коринтски Проток)
**тмурно** - МРАЧНО
**траорна** - ТРАУРНА
**трескавич/но** – трескав/о
**тресок** – ТРЕСКОТ
**труцка** – ТРУСКА, ДРУСА
**трчаа (одеа) кон** – ТРЧАА НАКАЈ
**туфни во** боја на лаванда – ТОЧКИ СО БОЈА НА ЛАВАНДА
**ћилим** – КИЛИМ
**удоле** – УДОЛУ
**ужаснат** – ВЏАСЕН
**усклаен** - УСОГЛАСЕН
**устие** – УТОКА
**факели** – ФАКЛИ
**федер** – ПРУЖИНА
**федери** - ПРУЖИНИ
**филозоф** – ФИЛОЗОФ
**циркузант** – ЦИРКУСАНТ
**цицки** (на животно) - БОСКИ
**црвенкасто** – ЦРВЕНИКАВО
**црнкасти** – ЦРНИКАВ
**чаршав** – ЧАРШАФ
**чезн/ее/ам** – КОПНЕЕ
**чемпрес** - КИПАРИС
**четвероножци** – ЧЕТИРИНОШЦИ
**чудеса** – ЧУДА
**чудовишен** - ЧУДОВИШТЕН
**чуство** – ЧУВСТВО
**џеп** - ЏЕБ
**шамивч/ињата** - ШАМИЧИЊАТА
**шестемината** - ШЕСТЕМИНА
**шестмината** – ШЕСТЕМИНА
**шипак** –ШИПИНКИ
шифон – шифон